ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНА ПОЛИТИКА

# ЛЕАДЕР МЕРКИ - НЕОПХОДНИ ПРАКТИКИ ЗА ОДРЖЛИВ РУРАЛЕН РАЗВОЈ



„Анализата е дел од програмата за подгрантирање во рамки на проектот *Правна помош и поддршка за зајканување на капацитетие за застапување и одржливост на граѓански организации"*. Проектот е финансиран од Европската Унија"
Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружението за рурален развој Локална Акциона група Агро Лидер и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија."

**ВОВЕД**

ЛЕАДЕР (оригинално LEADER) е кратенка од францускиот назив "Liaison entre Actions de Developpment de l'Economie Rurale" што означува „Врски помеѓу руралната економија и акциите за рурален развој". ЛЕАДЕР[1] е пристап кој ги охрабрува и поттикнува заинтересираните страни кои живеат во руралните средини заедно да истражат и изнајдат нови начини за заедничка соработка за да ги подобрат условите за живот. ЛЕАДЕР е програма на Европската Унија која е насочена кон создавање на работни места и подобрување на животните стандарди во руралните заедници. Заснована е на пристап од долу нагоре кој овозможува поголема општествена инклузија и децентрализација на јавните политики.

Основниот концепт што стои зад ЛЕАДЕР пристапот е фактот што, земајќи ги предвид различноста на руралните региони во ЕУ, развојните стратегии се многу поефикасни и поделотворни ако за нив се одлучува на локално ниво и ако се спроведуваат на локално ниво од локални носители, придружени од јасни и транспарентни процедури, поддржани од релевантните тела на јавната администрација и неопходната техничка помош за трансфер на добри практики. Разликата помеѓу ЛЕАДЕР пристапот и другите потрадиционални мерки на рурална политика е во тоа што ЛЕАДЕР покажува "како"да се продолжи за разлика од тоа "што" треба да биде направено. Седум главни карактеристики го сумираат пристапот ЛЕАДЕР. Тие се опишани овде поединечно, но важно е на нив да гледаме како на една целина (еден сет од алатки). Секоја карактеристика е комплементарна и има позитивно взаемно содејство со другите карактеристики низ целиот процес на имплементација, со трајни ефекти врз динамичноста на руралните региони и нивниот капацитет да ги решат сопствените проблеми.

ЛЕАДЕР пристапот се заснова на седум главни карактеристики:

- стратегија за локален развој заснован на територија,
- пристап "од долу нагоре",
- јавно –приватно партнерство: Локална Акциона Група (ЛАГ),
- интегриран мултисекторски пристап,
- иновации,
- вмрежување и
- соработка.

Тие се опишани поединечно, но важно е на нив да гледаме како на една целина Секоја карактеристика е комплементарна и има позитивно взаемно содејство со другите карактеристики низ целиот процес на имплементација, со трајни ефекти врз динамичноста на руралните региони и нивниот капацитет да ги решат сопствените проблеми.

Зајакнување на капацитетите е основниот чекор при имплементирањето на пристапот ЛЕАДЕР на локално ниво. Ако сакаме овој иновативен пристап да функционира добро мора да осигураме дека локалните носители имаат или ќе се здобијат со неопходниот капацитет од аспект на развивање на проектни идеи, know-how, човечки ресурси кои што ќе се посветат на специфични активности, и секако, финансиски вештини за раководење со тие активности.

---

[1] https://enrd.ec.europa.eu/leader-clld_en

Градењето на капацитетите е колективна активност и при тоа разните носители на рурални активности станувaат свесни за пристапот и начинот на негово имплементирање, овозможувајќи им да ги споделат своите знаења, да учествуваат и да имаат полза од тоа. Последователно со спроведување на пристапот "од долу кон нагоре" се назначува потребата од зголемување на свесноста и активно вклучување со цел да се анализираат предностите и слабостите на руралното подрачје, како и да се идентификуваат потребите и очекувањата. Приближувањето на локалните чинители од различни рурални области кои припаѓаат на една територијална целина според критериумите на ЛЕАДЕР пристапот, ќе овозможи вклучување на различни чинители, претставници на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор во јавно-приватно партнерство препознаено како Локална Акциона Група (ЛАГ) што ќе биде креатор на стратегијата за локален развој на одредена територија и имплементиање на пристапот за рурален развој преку иницијативи и активности во согласност со идентификуваните приоритети на локалната заедница.

Овие групи имаат добро балансирано претставување на јавните, приватните и невладините сектори, со учество на најмалку 51% на приватните партнери и невладините организации во партнерството. ЛИДЕР истовремено е мерка под ИПАРД Компонентата на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија.
Перспективата што ја споделуваат Мрежата на ЛАГ-ови и нејзините членки – ЛАГовите како јавни-приватни партнерства кои опфаќаат различни чинители на локално ниво, надополнета со ставовите на различни чинители на национално ниво, ја истакнува важноста од имплементација на ЛЕАДЕР пристапот како двигател на руралниот развој.

Во програмскиот период 2014 – 2020, ЛИДЕР пристапот е проширен за да покрива не само рурални, туку и крајбрежни и урбани региони под знамето на Локален развој воден од заедниците (CLLD).

Искуството со ЛИДЕР пристапот во земјите-членики на Европската Унија покажува дека доколку се имплементира и развива ЛЕАДЕР пристапот со примена на неговите карактеристики, ќе се направи регенерација на руалните области преку обезбедување на потребите на локалното население и поттикнување на рурален развој со активно учество на локалните чинители

## ПРИНЦИПИ НА ЛЕАДЕР ПРИСТАПОТ

ЛЕАДЕР пристапот претставува уникатна можност за заедничко остварување на руралниот развој преку локална поддршка. Постојат седум клучни карактеристики кои го сумираат ЛЕАДЕР пристапот :

### 1. Пристап од “долу-нагоре”

Пристапот од “долу-нагоре” значи дека локалните актери учествуваат во донесувањето одлуки за стратегијата и за изборот на приоритетите што треба да се следат во нивната локална област. Вклучувањето на локалните чинители го вклучува населението во поголеми, економски и

социјални интересни групи и претставниците на јавни и приватни институции. LEADER ги запознава локалните луѓе со најдобрите експерти за развојот на нивната територија. Тоа може да се гледа како партиципативно демократска алатка која ја надополнува изборната парламентарна демократија.

Од седумте карактеристики на ЛЕАДЕР програмата, токму пристапот оддолу-нагоре е најспецифичниот. Руралните политики што го следат овој пристап треба да бидат дизајнирани и имплементирани на начин најдобро прилагоден кон средините кои ги опслужуваат. Еден од начините на кои тоа може да се обезбдеи е да се поканат локалните носители да го преземат водството и активно да учествуваат. Ова важи подеднакво за земјите членки на ЕУ како и за земјите кои имаат аспирации за членство во ЕУ, кои имаат структурни проблеми во земјоделскиот сектор но и многу можности за подобрување на квалитетот на руралното живеење.

Искуството покажа дека овој пристап не треба да се смета за алтернатива или пак за нешто спротивно на пристапот „од горе надолу“ на националните и регионалните јавни институции, туку напротив нивното комбинирање и содејство да се гледа како начин за остварување на најдобри крајни резултати.

2. **Пристап базиран на територија – Стратегија за локален развој базиран на територија**

Пристапот базиран на територија е насочен кон мала, хомогена, социјално кохезивна територија, која се карактеризира со заеднички традиции, локален идентитет, смисла на припадност или заеднички потреби и очекувања. Определувањето на таква област го олеснува препознавањето на локалните силни страни и слабости, закани и можности, ендогениот потенцијал и идентификувањето на клучните приоритети за одржлив развој. Овој пристап има најголеми можности да функционира подобро од останатите пристапи затоа што овозможува мерките да бидат прецизно дефинирани за да одговорат на реалните потреби како и локалната конкурентна предност. Избраната територија мора да има кохерентност и критична маса од аспект на човечки, финансиски и економски ресурси за да поддржи остварлива локална развојна стратегија.

3. **Локално партнерство**

Локалните партнерства за развој на рурални територии функционираат преку структуриран механизам за управување - наречен Локална акциона група (ЛАГ). Воспоставувањето на ваков вид на локални партнерства) е еден од првите и најважни чекори на ЛЕАДЕР пристапот. Локалната акциона група (ЛАГ) треба да ги поврзува јавните и приватните партнери, да биде добро избалансиран претставник на постоечките локални групи и да биде претставена од различни социо-економски сектори во областа. Во процесите на донесување на одлуки треба да има балансирана застапеност на сите вклучени сектори во локалното партнерство. Правната форма може да варира од земја до земја, меѓутоа најзастапена форма е регистрирана непрофитна организација

4. **Интегрирани и мултисекторски активности**

ЛЕАДЕР пристапот не е секторска програма за развој. Стратегијата за локален развој мора да има мулти-секторски пристап, интегрирајќи неколку сектори на активности. Активностите и проектите содржани во стратегиите за локален развој треба да бидат меѓусебно поврзани и координирани, и да претставуваат кохерентна целина. Интеграцијата може да се однесува на активности кои се спроведуваат во еден сектор, на сите програмски активности или на одредени групи на активности, а најважно е да е насочена на врските меѓу различните економски, општествени, културни, еколошки носители на активности и сектори кои се вклучени.

5. **Вмрежување**

Локалната Акциона Група и самата претставува мрежа, но исто така треба да остварува соработка со други развојни организации на локално, регионално, национално и меѓународно ниво.

Вмрежувањето е основа за пренесување на добри практики, за дисеминација на иновации и надградба на знаењата од локалниот рурален развој. Вмрежувањето подразбира размена на достигнувањата, искуствата и знаењата помеѓу ЛЕАДЕР групите, руралните подрачја, властите и организациите вклучени во руралниот развој на ЕУ, независно од тоа дали тие се или не се директни корисници на ЛЕАДЕР програмата.

Мрежното поврзување ги зајакнува врските меѓу луѓето, проектите и руралните области и така може да помогне во надминување на изолацијата со која се соочуваат некои рурални региони. Може да помогне во стимулирање на проекти на соработка со воспоставување меѓусебни контакти меѓу ЛЕАДЕР групите. Постојат различни видови мрежи:

- Институционални мрежи - Овие мрежи се финансирани од Европската Комисија а со тоа се дефинира и нивната улога. ЕУ поддржува структури за вмрежување и на европско и на национално ниво. Тие мрежи ги поврзуваат различните ЛЕАДЕР групи, телата на јавната администрација и сите други партнери кои имаат активно учество во руралниот развој.

- Национална мрежа за рурален развој, формирана во секоја земја кандидат - Тие имаат експертска поддршка и превземаат практични активности како на пр. подготовка на публикации за различните аспеки на руралниот развој, организирање семинари, анализирање на активностите на руралниот развој со цел идетификација на добрите практики, препознавање на развојните трендови во руралните области, одржување на интернет страници и помагање на ЛЕАДЕР групите во нивното барање на потенцијални партнери и започнување на проекти на соработка.

- Национални, регионални и локални мрежи (Неформални мрежи). Мрежите или асоцијациите на ЛЕАДЕР групите беа на европско ниво (пример е Европската LEADER асоцијација за рурален развој - ELARD ). Земјите кандидати се поттикнуваат да креираат и да учествуваат во ваков вид на неформални мрежи. И во Северна Македонија е основана МРЕЖА на Локални Акциони Групи

## 6. Иновација

ЛЕАДЕР пристапот може да игра значајна улога во стимулирањето нови и иновативни приоди кон развојот на руралните подрачја. Таква иновација се охрабрува со тоа што на Локалните Акциони Групи им се дозволува широка рамка на делување и флексибилност во донесувањето одлуки за активностите кои сакаат да ги поддржат. Иновација во руралните региони може да биде и трансфер и прилагодување на иновации развиени на друго место, модернизација на традиционалните форми на знаења, или изнаоѓање нови решенија за рурални проблеми кои не биле разрешени со други мерки и интервенции на одржлив и задоволителен начин. На ваков начин се овозможува да се обезбедат нови одговори на одредени специфични проблеми во руралните средини.

## 7. Меѓу-територијална и меѓународна соработка

Соработката значи поголем напредок од едноставно вмрежување. Под ова се подразбира кога Локална Акциона Група спроведува заеднички проект со друга Локална Акциона Група, или прифаќа заеднички приод со друга група, која може да биде во друг регион, во земја кандидат или во земја членка. Соработката може да им помогне на ЛАГовите да ги зајакнат своите локални активности. Може да им овозможи да решат извесни проблеми или да додадат вредност на локалните ресурси. На пример, може да биде во начинот за постигнување на критична маса неопходна за да еден проект да може да биде одржлив, или за охрабрување на дополнителни активности како на пр. заеднички маркетинг на ЛАГ во различни региони чии области споделу - ваат специјализација за конкретен производ, или, развивање на заеднички туристички иницијативи засновани на заедничко културно наследство.

Проектите на соработка не се само едноставна размена на искуства. Тие мора да вклучуваат и конкретен заеднички проект, кој најдобро би било да е раководен од заедничка структура. Во рамки на ЛИДЕР, можни се два типа на соработка:

-меѓу-територијална (во самата територија): ова значи соработка меѓу различни рурални области во земја кандидат. Соработката може да се реализира меѓу две локални акциони групи но можноста е отворена и за други локални групи кои практикуваат сличен партиципативен пристап;

-транс-национална соработка: значи соработка меѓу најмалку две локални акциони групи кои функционираат во земји кандидати и/или земји членки на ЕУ.

Преку следење на карактеристиките на ЛЕАДЕР пристапот, надградени со различноста и креативноста на Стратегиите за локален рурален развој на Локалните Акциони Групи и заедничката соработка помеѓу нив и мрежното поврзување во и надвор од границите на нашата држава, ќе се оствари значајно влијание врз секојдневниот живот на луѓето во руралните средини и ќе се даде значителен придонес во одржливиот рурален развој.

# ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ГРУПИ

Локална Акциона Група (ЛАГ) е формално здружение за рурален развој на претставници од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, како и индивидуални граѓани заинтересирани во подобрувањето на економскиот потенцијал на нивната заедница. Овие сочинители на ЛАГот работат заедно за да воспостават стратегија за работата на ЛАГот насочена на клучни области во кои е потребна дополнителна поддршка или подобрување, и со средства од ЕУ и од националните програми, спроведува проекти за да создаде позитивни ефекти за заедницата.

ЛАГовите внесуваат нов пристап " од долу нагоре" кој е корисен за точното водење на локалниот развој во нивните региони, и ја дополнуваат работата на официјалните лица и институции со својот уникатен пристап.

Задача на ЛАГот е препознавање и спроведување на локална развојна стратегија, донесување на одлуки за распределба на достапни финансиски ресурси и управување со нив.

ЛАГовите може да бидат значајни за потткинување на одржлив развој бидејќи:

- ги спојуваат човечките и финасиските ресурси од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор,

- ги здружуваат локалните актери на зеднички проекти и мултисекторски активности со цел постигнување на синергија, чувство за заедничка сопственост и критична маса потребна за економска конкурентност на територијата

- го зајакнуваат дијалогот и соработката помеѓу различни локални чинители кои најчесто имаат мало искуство на заедничка работа

- поттикнуваат на заедничка работа на зеаднички партнери, процеси на адаптација и промени во аграрниот сектор, интегрираат грижа за животната средина, деверзификација на руралните стопанства и квалитетот на живот.

Локалните Акциони Групи може да се формираат ад хок со цел добивање подршка преку ЛЕАДЕР мерката или може да се засноваат на постоечки партнерства. Збогатениот тим од различни чинители го промовира ЛАГот како модел на организаирање кој може позитивно да делува на спроведување на политики. Искуството од другите земји дека ЛАГовите се развиваат следејќи ги карактеристиките на ЛЕАДЕР пристапот, од различни облици на институционални, регионални и национални организации а сепак имаат различен степен на автономија во поглед на одобрување на проекти и финансиско управување.

Заедничката соработка помеѓу различните чинители, е основа за партиципативно креирање на Стратегијата за локален рурален развој и идентификување на клучните приоритети и дефинирање на стратешки мерки за исполнување на целите на стратегијата.

Од Локалните акциони групи се очекува да:

- ги соберат релевантните интересни групи од територијата за заеднички проекти;
- имаат автономија во донесувањето на одлуки и капацитетите да ги ре-евалуираат расположивите локални ресурси;
- да ги поврзат различните мерки;
- имаат способност да ги искористат можностите што се нудат со конкретната локална комбинација од ресурси;
- отворени се кон иновативни идеи;
- способни се да поврзат и интегрираат различни секторски пристапи;
- способни се да ја мониторираат имплементацијата на проектот.

## ЛЕАДЕР ПРИСТАП ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Воспоставувањето на ЛЕАДЕР во Р. Северна Македонија е регулирано со правната рамка, стратешки документи и упатства за негово спроведување и примена и истата се состои од:

- Законот за земјоделство и рурален развој (членовите 88 и 89)[2]
- Закон за локална самоуправа[3]
- Закон за рамномерен регионален развој[4]
- Правилник за поблиските услови за запишување во евиденција во ЛАГ[5]

---

[2] http://zpis.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20zemjodelstvo%20i%20ruralen%20razvoj%20mart%202017.pdf

[3] https://veles.gov.mk/veles3/images/stories/pdf/zakon%20za%20lokalna%20samouprava.pdf

[4] http://aa.mk/content/pdf/Drugi%20dokumenti/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%20%D1%80%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%20%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98%20-%20%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD.pdf

[5] http://www.mzsv.gov.mk/cms/Upload/docs/%D0%9F%D0%A0%D0%90%D0%92%D0%98%D0%9B%D0%9D%D0%98%D0%9A%20%D1%87%D0%BB%D0%B5%D0%BD%2089%20%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%20(6).pdf
http://ipard.gov.mk/mk/ipard-2014-2020-2/%d0%b8%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%b4-2014-2020/%d0%b8%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%b4-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bc%d0%b0-2014-2020/

- ИПАРД 2 (2014 – 2020)[6]
- Програма за користење средства од ЕУ ИПА 2014 – 2020
- Национална стратегија за рурален развој 2014 - 2020[7]
- Програма за рурален развој 2014 – 2020[8]
- Основен водич за ЛЕАДЕР[9]

Вклученоста на различни чинители во националната агенда за рурален развој, градењето на партнерства помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, фокусирањето на рурален развој базиран на територија, применување на пристапот од "долу нагоре", зајакнување на меѓусекторскиот пристап, соработката и вмрежувањето како принципи на ЛЕАДЕР пристапот за рурален равој, се дел и од активностите на Локалните Акциони Групи кои активно делуваат во нашата држава.
Преку промоцијата на активностите на Локалните Акциони Групи и нивниот придонес во руралниот развој на териториите каде делуваат, се овозможи прелиминарна проценка на нивните капацитети и можности да придонесат за руралниот развој, особено во имплементацијата на ЛЕАДЕР пристапот, кој е важна компонента од Стратегијата за рурален развој 2014-2020 и ИПАРД програмата.
Членството во ЕУ претставува стратешка цел на Северна Македонија која направи големи напори во последните неколку години да ги исполни барањата за полноправно членство во ЕУ. Интеграција во ЕУ е важен предуслов за економски развој на државата. За да ги исполни условите за членство, земјата мора да воспостави структури што се во согласност со Заедничката Земјоделска Политика на ЕУ и да се подготви за спроведување на програмите од Европскиот Фонд за Земјоделство и Рурален Развој.
Перспективата на интеграцијата во ЕУ се рефлектира врз различните стратегии на земјата, истакнувајќи ја и Стратегијата за развој на земјоделството и руралниот развој, која е изготвена во согласност со главните принципи на идната политика на ЕУ, ЗЗП (Заедничката земјоделска политика) и предпристапната политика (ИПАРД), но воедно релевантна за специфичностите на земјоделскиот сектор и руралните области во Северна Македонија.
Еден од клучните концепти за развој на ЕУ е концептот на „развој заснован на територија", кој промовира интегриран локален и регионален пристап во решавање на проблемите. Оваа политика базирана на територија има за цел да ги надмине слабостите за целосно искористување на локалните потенцијали. Европските практики покажуваат дека регионите што се во можност да ги мобилизираат своите внатрешни потенцијали имаат поголеми шанси да се развиваат побрзо отколку другите региони. ЛЕАДЕР пристапот ја препознава и ја нагласува улогата што ја имаат локалните чинители преку заедничка соработка, поддршка на

---

[6] http://ipard.gov.mk/mk/ipard-2014-2020-2/%d0%b8%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%b4-2014-2020/%d0%b8%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%b4-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bc%d0%b0-2014-2020/
[7] http://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/docs/NSZRR2014-2020.pdf

[8]http://www.mzsv.gov.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B8.aspx
[9] http://seerural.org/wp-content/uploads/2018/08/LEADER-Report-Macedonian-web.pdf

локалните иницијативи, и преку пристап „од долу нагоре" учество во локалното планирање и развој преку Локални акциони групи (ЛАГ-ови).
ЛЕАДЕР пристапот претставува пресврт на сегашната политика на локален развој фокусиран на зајакнување на локалната демократија преку зголемено учество на руралното население , развој на граѓанското општество и социјален дијалог со руралното население, обезбедување на доброто владеење преку локални партнерства, вработувања и развој на човечки ресурси.
Имплементацијата на ЛЕАДЕР мерката, бара време, човечки ресурси и меѓусекторска соработка. Споделените искуства потенцираат дека и во земјите на ЕУ имало предизвици при спроведување на ЛЕАДЕР пристапот, а споделените искуства и македонската реалност за руралниот развој истакнуваат дека спроведувањето на ЛЕАДЕР пристапот ќе носи многу предизвици. Презентацијата на предизвиците во понатамошниот текст е направена во форма на наоди и заклучоци идентификувани и заклучени од горенаведените активности со учество на засегнатите страни за рурален развој од јавниот. приватниот и граѓанскиот сектор.
Важноста на локалните актери во земјоделството и руралниот развој е во фокусот на ЛЕАДЕР пристапот каде што е потребна тесна соработка со локалните власти и релевантните организации кои работат на локалниот економски развој како и граѓанските организации. Тоа води до формирање на Локални Акциони Групи кои имаат за цел заедничка соработка помеѓу трите сектори на локално ниво и спроведување на заеднички акции насочени кон руралниот развој во целина.
Партнерствата во состав на Локалните Акциони Групи претставуваат докажана и успешна алтернатива на руралниот развој - партнерство кое треба да биде дел од социјалната и институционалната структура на руралниот развој
Локалните Акциони Групи кои се формирани на територијата на Република Северна Македонија, функционираат врз основа на правна рамка која во целост ги исполнува барањата и критериумите на ЕУ[10], а активно делуваат со фокус на целите од Стратегијата за локален развој која ги идентификува клучните приоритети на територијата каде делуваат. На волонтерска основа постоечките ЛАГ-ови преземаат иницијативи и спроведуваат акции кои имаат позитивен импакт во руралните заедници, со што стануваат препознатливи на територијата каде делуваат, и ги мотивираат останатите чинители да активно се вклучат во искористување на потенцијалот и обезбедување на одржлив рурален развој.

Во Северна Македонија, иницијативата за воведување на ЛЕАДЕР пристапот е започната во 1991 година, и претставува иновативен пристап во рамки на руралната развојна политика на ЕУ, а досегашните искуства покажуваат дека ЛЕАДЕР пристапот може да направи вистински промени во секојдевниот живот на луѓето во руралните области.

Формирањето на Локалните Акциони Групи е основа за понатамошно зајакнување на организациската структура на Локалните Акциони Групи и фокусирање кон реализација на целите и приоритетите дефинирани во Стратегиите за локален рурален развој. Од почетоците на формирање на Локални Акциони Групи до поставувањето на правна рамка од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство како одговорна институција за воведување на ЛЕАДЕР мерката, се овозможи основање на повеќе локални Акциони Групи и отворање на можности за развој на ЛАГ иницијативи.

---

[10] https://ec.europa.eu/agriculture/sites/agriculture/files/enlargement/assistance/documents/pathways-to-leader_en.pdf

Во мај 2018 година, врз основа на објавениот повик за Евиденција на Локална Акциона Група, МЗШВ додели решенија за 13[11] Локални Акциони Групи кои ќе бидат поддржани од Програмата за Рурален развој, додека да се акредитира ЛЕАДЕР мерката во ИПАРД програмата.

Поддржаните 13 Локални Акциони Групи делуваат на територијата на шест плански Региони, кои опфатија повеќе од 30 општини во Полошкиот, Пелагонискиот, Вардарскиот и Североисточниот , Источниот и Југоисточниот регион. Повеќе од 60% од вкупната рурална територија на Северна Македонија, е покриена со Локални Акциони Групи, што укажува на запознаеност на локалното население во руралните средини за ЛЕАДЕР пристапот и нивната идентификација на воведувањето на ЛЕАДЕР пристапот како клучен приоритет за одржлив рурален развој.

Досега, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство не покажа доволна посветеност кон примена на сериозен пристап на воспоставување на ЛЕАДЕР и покрај неговата докажана ефикасност. Согласно Стратегијата "*Поддршката која ќе биде обезбедена преку мерките од националната програма за рурален развој, и почнувајќи од 2017 година од Мерката 3.3 - Подготовка и спроведување на Локални развојни стратегии - ЛЕАДЕР пристап поддржана од ИПАРД 2014-2020 програмата, ќе биде фокусирана на три главни активности на: 1. Формирањето и градење на капацитетот на избраните ЛАГ-ови за функционирање на групата и спроведување на мали проекти, 2. Спроведување на локалните иницијативи и активности на заедницата вклучени во локалните стратегии за рурален развој, и 3. Учество во спроведување на проекти за соработка на пошироко ниво надвор од територијата на локалната заедница*" е од суштинско значење е да започне со примена. Посебен акцент треба да се насочени кон локалните власти со цел да се насочат кон поттикнување на употребата на оваа можност за развој и унапредување на локалните развојни стратегии. Преку трансфер на "сопственоста на резултатите" (долгорочни) на ЛАГ-овите е клучен за стабилноста на стратегиите за развој на долг рок и за исполнување на стратешките цели на Европа 2020

## ЧЕКОР НАПРЕД

Сумирано, ЛАГовите покриваат 73% од целата рурална територија на Северна Македонија низ 61 општина при што се отвораат можности за иницирање на нови ЛАГ иницијативи на териториите на кои сеуште нема иницирано и формирано. Тоа би започнало преку воспоставување на јавно-приватно партнерство и преку спроведување на пристапот "од долу нагоре" имплементирање на заеднички активности насочени кон обезбедување социо-економски развој на идентификуваната рурална територија. Потребна е анимација на населението и зголемување на информираноста за ЛЕАДЕР пристапот за рурален развој и промените што може да ги донесе имплементирањето и развивањето на овој пристап. Луѓето во руралните средини се главни носители на ЛЕАДЕР пристапот кој е насочен да одговори на нивните приоритеи во поглед на економски раст, социјална заштита, култура, традиции и сл. Потребна е заложба за системско развивање на ЛЕАДЕР пристапот и зајакнување на руралните заедници да можат да одговорат на идните предизвици.

---

[11] ЛАГ Агро Лидер, ЛАГ Пелагонија, ЛАГ Вардар Леадер, ЛАГ Абер 2015, ЛАГ Скардус, ЛАГ Тиквешка винска долина, ЛАГ Осоговски лисец, ЛАГ Плачковица, ЛАГ Беласица – Огражден, ЛАГ Бојмија, ЛАГ Малеш Пијанец, ЛАГ Брегалница, ЛАГ Пробатон

Во однос на ЛЕАДЕР пристапот нагласена е неусогласеност помеѓу релевантните институции на МЗШВ (пристап од горе-надолу со високо ниво на донесување на одлуки) и ЛАГовите и ЛЕАДЕР пристапот ( пристап од долу нагоре ), а постои и голема неусогласеност помеѓу урбаната и руралната регенерација.

Иницијатива во МЗШВ како одговорна институција за имплементација на ЛЕАДЕР пристапот постои одамна, сепак спроведувањето на ЛЕАДЕР мерката преку развивање и имплементирање на Стратегии за локален развој на Локалните Акциони Групи сеуште е на почеток. Потребна е поголема промоција на успехот на ЛЕАДЕР во земјите во Европа и согледување на придобивките што "од долу нагоре" интегриран пристап кон руралниот развој може да ги оствари со релативно мали ресурси. Во време кога нашата земја се соочува со големи предизвици во руралниот развој, воведувањето на ЛЕАДЕР пристапот е од особено значење за пристапот на Северна Македонија во ЕУ.

Во февруари 2018 година МЗШВ објави повик за пријавување на ЛАГ иницијативи за упис во единствениот регистар на ЛАГ-ови при МЗШВ. Уписот на ЛАГ-овите во овој регистар е чекорот кои ги издвојува ЛАГовите од класичната форма на граѓански организации.

По преглед на поднесените документи од страна на ЛАГ-овите, на посебен свечен настан беа доделени решенијата на 13 ЛАГ-овите. Но, со тоа само се направи "про форма" на регистар за ЛАГ-ови кој што всушност не е сеуште акредитиран како единствен регистар на ЛАГ-ови во Северна Македонија.
МЗШВ како релевантно министерство пред проширувањето на ИПАРД 2 со ЛЕАДЕР пристапот, ги отвори „вратите" од Националната програма за рурален развој.
Првиот повик за ЛАГови за прв пат беше објавен во февруари 2019 година. Притоа, 14 000 000 денари за сите ЛАГови вкупно. За секој ЛАГ предвидени беа по максимум 800 000 денари.

Чекор напред е формирање на Мрежа на ЛАГови. Мрежата на Локални Акциони Групи како сојуз е формирана 2018 година и ги обединува носителите на промени водени според ЛИДЕР програмата на Европската Унија препознати како Локални Акциони Групи, насочени кон спроведување на проекти за рурален развој на локално ниво со цел ревитализација на руралните подрачја и создавање на нови работни места.
Локалните Акциони Групи и Мрежата на ЛАГови се чадор организациии кои што ги имплементираат ЛИДЕР иницијативите во руралните средини

Главни цели на Мрежата на ЛАГови се:

- Креирање и имплементирање на заеднички политики на членките за рурален развој на заедниците во Република Северна Македонија,
- Поддршка за зголемување на партиципативното учество на граѓаните во креирањето на политиките за рурален развој
- Да го подобри квалитетот на живот во руралните средини преку континуиран локален развој
- Да обезбеди реципроцитетен трансфер на знаења и искуства помеѓу членовите на мрежата и соработка со европските земјо и нивите Локални акциони групи
- Да обезбеди соработка со други земји кои се спремни со ЛИДЕР пристапот

- Долгорочно планирање на целиот развој на териториите на ЛАГовите
- Користење и развој на постоечките потенцијали за рурален развој
- Подобрување на финансиските и човечките капацитети за имплементација на проекти за рурален развој
- Подготовка на ЛАГовите за искористување на ЕУ фондовите
- Поддршка на своите членки за воспоставување на нивна взаемна соработка и на соработка на нивните членки во областа на руралниот развој

Мрежата на ЛАГови како прва мрежа во Северна Македонија, има посебна улога во поддршката на подобро дизајнирање и имплементирање на Програмите за рурален развој и претставува платформа за вмрежување и размена на идеи.
Мрежата на ЛАГови функционира преку online платформа. Платформата овозможува афирмација на членките и вклучување на нови ЛАГови и овозможува отворен простор за дискусија и размена на искуства и добри практики меѓу сите ЛАГови.
Соработката помеѓу Локалните Акциони Групи и ЛАГ иницијативите преку Мрежата на ЛАГови овозможува размена на добри практики, поттикнување на иновации, дополнување на искуствата за рурален развој, ќе се даде дополнителна вредност на локалните ресурси, а ќе се отворат можности за заеднички иницијативи базирани на заеднички економски, културни и историски вредности преку диверзификација и креативност на стратегиите за рурален развој.

## МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Со цел подобрување на моменталната состојба на ЛАГови, ЛАГ АГРО ЛИДЕР ќе ја разработува следнава тематика:

1. Теоретска разработка и анализа на сегашната состојба на ЛАГ-овите
2. Идентификација на клучните приоритети од воведувањето на Мрежата на ЛАГови за рурален развој преку дискусии и фокус групи
3. Креирање на документи и статут за функционирање на ЛАГовите и Мрежата на ЛАГови кои ќе бидат директно испратени во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
4. Промоција и видливост на ЛАГовите и Мрежата на ЛАГови

Методолошкиот пристап кој што се користеше и ќе се користи и во иднина, ќе се осврне и на недостатоците кои постојат:

- Нема правен статус на ЛАГовите како правни ентитети
- Единствениот регистар на ЛАГ-ови може да се отвори само по добивање на акредитација на Мерка како дел од ИПАРД. Во моментов тој регистар е ооворен од страна на МЗШВ, а мерката не е акредитирана; ова може да доведе до процес каде повторно сите регистрирани ќе мора повторно да го „изодат“ процесот на регистрација што ќе предизвиkа финасиsки потешкотии на и така слабите финансиски капацитети на истите .
- Неусогласеност на терминологијата која се користи во стратегиите и законите за регионален развој со терминологијата на рурален развој по однос на социо-гоеграфски карактеристики.

- Слаба подготвеност на приватните компании/трговски друштва за учество во процесот на креирање на развојни политики на локално ниво;

## ЗАКЛУЧОЦИ

- Локалните Акциони Групи следејќи ги принципите на ЛЕАДЕР пристапот за рурален развој забележаа позитивни резултати и станаа двигатели на промените во руралните развој во земјите во ЕУ. Локалните Акциони Групи и кај нас преземаат иницијативи и активности кои допринесуваат за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини.
- Зајакнување на капацитетите на ЛАГови и МЗШВ е основниот чекор при имплементирањето на пристапот ЛЕАДЕР на локално и национално ниво. Ако сакаме овој иновативен пристап да функционира добро мора да осигураме дека локалните носители имаат или ќе се здобијат со неопходниот капацитет од аспект на проектни идеи, know-how, човечки ресурси кои што ќе се посветат на специфични активности, и секако, финансиски вештини за раководење со тие активности. Градењето на капацитетите е колективна активност и при тоа разните носители на рурални активности стануваат свесни за пристапот и начинот на негово имплементирање, овозможувајќи им да ги споделат своите знаења, да учествуваат и да имаат полза од тоа. Последователно со спроведување на пристапот "од долу кон нагоре" се назначува потребата од зголемување на свесноста и активно вклучување со цел да се анализираат предностите и слабостите на руралното подрачје, како и да се идентификуваат потребите и очекувањата.
- Соработката од почетоците на основањето на Локални Акцони Групи и заедничките напори за застапување и лобирање за развивање и импелментација на ЛЕАДЕР мерката, ја нагласија размената на добри практики, промоција на иновативноста и мрежното поврзување што резултира со формирање на првата **Мрежа на ЛАГови (Локални Акциони Групи)**. На овој начин се промовира вредноста на знаењето стекнато преку работа, но и на знењето стекнато со споделување на искуство и добри практики. Мрежата на ЛАГови во Северна Македонија ги обединува носителите на промени водени според ЛЕАДЕР програмата на Европската Унија за спроведување на активности за рурален развој на локално ниво со цел ревитализација на руралните подрачја и одржлив развој. Воедно, освен размена на информации и искуства, Мрежата на ЛАГови е насочена и кон остварување на соработка со ЛАГови од други земји-членки на ЕУ со цел да се развијат заеднички активности .

**ПРЕПОРАКИ**

- Ефективно спроведување на ИПАРД програмата 2014-2020 во која е вклучена ЛЕАДЕР мерката, со што ќе биде овозможено акредитација на ЛАГ-ови, усвојување на Стратегии за локален развој по методологија на ЕУ ЛЕАДЕР.
- Формалното одобрување на мерката "ЛЕАДЕР" од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство мора да се забрза и да овозможи понатамошни активности во процесот на финализирање на пакетот за акредитација
- Систематски пристап од страна на централните институции како предуслов за подготовка на општините за да се овозможи локален развој под водство на заедницата и да се имплементира ЛЕАДЕР пристапот, кој ги ангажира локалните власти во партнерство со граѓанското општество и бизнис секторот.
- Подготовка на планови за имплементација на Стратегиите за локален развој, мониторинг и евaулација на спроведување на Стратегиите за локален развој
- Одржување на форуми на повеќе засегнати страни за локален развој на локално ниво и регионалнио ниво. Имајќи ги предвид предизвиците во спроведувањето на ИПАРД, треба да се отворат можности за дискусија, информации, консултации, градење на капацитети, трансфер на знаења, поврзување со мрежи и споделување на искуства на чинителите од локалниот развој.
- Елиминирање на степенот на затвореност на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и инситуциите, односно интегрирање на успешни европски практики преку размена на знаења и применети или пилот искуства.

**РЕФЕРЕНЦИ**


1. LEADER Approach – Basic Guide, European Commission Directorate-General for Agriculture and Rural Development (2006)
2. Dax,T.; Strahl, W.; Kirwan, J.; Maye, D. The Leader programme 2007- 2013: enabling or disabling social innovation and neo-endogenous development? Insights from Austria and Ireland. European Urban and Regional Studies, (2013).
3. Eszter,B. The LEADER program in Hungary and in Europe. Journal of Central European Agriculture, (2011).
4. Shucksmith,M. Disintegrated Rural Development? Neo-endogenous Rural Development, Planning and Place-Shaping in Diffused Power Contexts. Sociologia Ruralis (2010)
5. A.Lukić,O. Obad: New Actors in Rural Development - The LEADER Approach and Projectification in Rural Croatia (2014)
6. Operationalization of LEADER in Macedonia, AIRE (2017)
7.Стратегија за воведување на ЛЕАДЕР мерката во рамки на ИПАРД Програмата 2007-20013
8. ИПАРД Програма – МЗШВ (2014-2020)
9. Национална Програма за земјоделство и рурален развој МЗШВ (2014-2020)

Проект: Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации

Проектот е финансиран од Европска Унија.